Врз основа на чл.480 ст.3 од законот за трговски друштва, Надзорниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје до Собранието на акционери на РЕПЛЕК АД Скопје поднесува

**И З В Е Ш Т А Ј З А Р А Б О Т А Т А**
**на Надзорниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје**
**за 2021 година**

Согласно Законот за трговски друштва и Статутот на РЕПЛЕК АД Скопје, Надзорниот одбор има овластување да врши надзор врз управувањето со Друштвото кое го врши Управниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје, како и да врши увид и да ги проверува книгите и документите на Друштвото.

Извештајот се поднесува со цел акционерите да се запознаат со превземените активности на Надзорниот одбор на Друштвото.

На одржаните седници Надзорниот одбор ги разгледа и расправаше за сите значајни прашања во делот на своите овластувања, согласно Статутот на друштвото и Законот за трговските друштва.

Надзорниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје на состанокот одржан на 15.03.2022 година, а согласно своите надлежности ја разгледа Годишната сметка на РЕПЛЕК АД Скопје за 2021 година, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на Друштвото изготвен од Управниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје, со предлог одлуката на Управниот одбор за усвојување на годишната сметка, предлог одлуката за распределба на добивката по годишната сметка за 2021 година во акумулирана добивка, извештајот за извршената ревизија на годишната сметка на Друштвото за 2021 година од овластениот ревизор МУР СТИВЕНС ДОО- Скопје, при што констатира дека:

- Годишната сметка на РЕПЛЕК АД Скопје за 2021 година изготвена е согласно прописите на Северна Република Македонија и Меѓународните сметководствени стандарди, што е потврдено и од Ревизорската куќа од МУР СТИВЕНС ДОО- Скопје.

Согласно погоре изнесената констатататација Надзорниот одбор му предлага на Собранието да ја усвои годишната сметка на РЕПЛЕК АД за 2021 година со предложената распределба на добивката.

Во тековната 2021 година активностите на Надзорниот одбор беа насочени кон спроведување на објективна контрола на работењето и управувањето со друштвото. Главна цел на Надзорниот одбор притоа беше подобрување на квалитетот на работење на друштвото, заштита и зголемување на вредноста на капиталот на друштвото како и реализирање на поставените планови на друштвото.

Надзорниот одбор во деловната 2021 година ја имаше потребната соработка со Управниот одбор и со Службата за внатрешна ревизија на Друштвото. По направената проверка и извршениот увид во документацијата на Друштвото констатирано е дека работењето на Управниот одбор е во согласност со законските прописи и актите на друштвото. Надзорниот одбор е на мислење дека Годишниот извештајот на службата за внатрешна ревизија е квалитетен и објективен и дава сеопфатен приказ и резиме на извршените ревизии.

Надзорниот одбор во 2021 година во континуитет го следеше работењето на Управниот одбор и на друштвото во целина, како и работењето на друштвата во негова сопственост. Надзорниот одбор во текот на 2021 година одржа вкупно десет (10) седници преку кои беа разгледани Годишниот и Полугодишниот извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија во Друштвото и притоа констатира дека Службата во 2021 година не утврдила никакви неправилности во работењето на секторите и службите на друштвото, по што едногласно ги одобри Извештаите за нејзината работа.

Членовите на Надзорниот одбор дадоа одобрување-согласност за донесување на одлука за одделување на одделението Технички системи и одржување од секторот Производство и негово трансформирање во Служба за Технички системи и одржување, во рамките на РЕПЛЕК ФАРМ ДООЕЛ.

Дадено е одобрување, Управниот одбор да донесе одлука со која на РЕПЛЕК ФАРМ ДООЕЛ ќе му даде согласност за долгорочно кредитно задолжување за инвестиции.
Надзорниот одбор донесе одлука со која на упразнетото место е избран нов член на Управниот одбор. Беше донесена и одлука за разрешување на членот на Управниот одбор-Милошевска Сузана, на нејзино барање.

На Собранието на акционери на РЕПЛЕК АД Скопје, одржано на ден 22.09.2021 година беше изгласана недоверба на тогашните членови на Надзорниот одбор и на истото собрание беа избрани нови членови на органот на надзор.
Новиот состав на Надзорниот одбор на Друштвото на седницата одржана на ден 06.10.2021 година ги донесе следните одлуки:

- Одлука за избор на Претседател на Надзорниот одбор (од редот на членовите за Претседател беше избран Антонио Георгиевски),
- Одлука за разрешување на Претседателот и членовите на Управниот одбор
- Одлука за избор на Претседател и членови на Управниот одбор во состав:

Душан Пецовски -Претседател
Цане Талевски - член
Коста Котески -член
Александар Томовски -член
Иван Туџаров-член

На седницата одржана на ден 22.10.2021 година членовите на Надзорниот одбор го разгледуваа работењето на Управниот одбор. На истата седница беше споделена информацијата за поднесена оставка на членот на Надзорниот одбор - Славица Туџарова Трајковска. Исто така на седницата беше донесена одлука за разрешување на членот на Управниот одбор - Иван Туџаров како и одлука за избор на нов член на Управниот одбор - Билјана Несторовска Ѓошевска.

Поради поднесената оставка на членот на одборот - Славица Туџарова Трајковска, а согласно одредбите од Законот за трговските друштва и Статутот на РЕПЛЕК АД, на седницата одржана на ден 29.12.2021 година, останатите членови во законски предвидениот рок го пополнија составот на одборот со донесување на одлука за избор на Наум Јанакиев на функцијата вршител на должност-член на Надзорниот одбор до наредното собрание на акционери. На оваа седница Претседателот на Управниот одбор пред членовите на органот на надзор го презентираше бизнис планот за 2022 година.

По разгледување на предложените Одлуки Надзорниот одбор му предлага на Собранието на акционери на РЕПЛЕК АД Скопје на седницата која ќе се одржи на ден 27.04.2022 година да донесе Одлуки за нивно усвојување.

Во текот на 2021 година работењето на Надзорниот одбор беше во рамките на надлежностите утврдени во Законот за трговски друштва и Статутот на РЕПЛЕК АД Скопје.

**РЕПЛЕК АД СКОПЈЕ**

**НАДЗОРЕН ОДБОР**